# Годишен Извештај за извршени ревизии и активности на Внатрешната ревизија за 2022 година

**1. Податоци за единицата за внатрешна ревизија и внатрешните ревизори.**
Внатрешната ревизија е правно основана со Правилник за внатрешна ревизија со Одлука на Одборот на директори на Тетекс АД.
За исполнување на обврските назначен е Директор на единицата, како еден извршител.
Единицата за внатрешна ревизија организационо и функционално е дирекно и единствено одговорна на Одборот на Директори на друштвото.
Внатрешниот ревизор има целосно, слободно и неограничено право на пристап до:
а) целокупната документација,
б) податоците и информациите од сите носители на податоци,
в) раководителот на субјектот,
г) сите лица (раководители и вработени) и
д) материјалните средства.

**2. Извршување на годишниот план за внатрешна ревизија**

- За сите ревизии се доставени извештаи и информации, а соодветно се дадени препораки и направени процедури и упатства за работење .
- На Генералниот Директор му се доставува информации и извештаи веднаш по завршување на секоја спроведена ревизија.
- Генералниот Директор изготвува и одлучува за Акциониот план кој вклучува прифаќање на препораките и активностите кои треба да се превземат.
- Директорот на единицата за внатрешна ревизија ги следи спроведувањето на препораките од извршената ревизија и акционите планови.

3. **Преглед на извршени ревизии во текот на 2022г.**

**1. Ревизија на завршување на годишниот попис за 2022 година:**

- пописот во 2022 година е направен према дадените упатства и према дефинираните законски рамки што ја дефинираат оваа проблематика. Посебно внимание се придаде кон пописот на основни средства во затворените производни фабрики-Ф-ка трикотажа,конфекција,ткаенини,заради дефинирање на исправноста на машините ,заради можна продажба или пак расходување.
- Формирани се комисии за проценка на машини кои немаат употребна вредност и подолго време се вон употреба. За таа цел изготвена е и спецификација на основни средства кои подолго време се вон употреба,се искршени ,односно неможат да се користат поради застареност и немаат сегашна вредност. Од тие причини препорака е Одборот на Директори на Тетекс АД да донесе Одлука за отпис и расходување на истите согласно изготвена спецификација од сметководството и истите да се продаваат како старо железо и инокс.
- Формирана е посебна комисија за изготвување на спецификација на електронска опрема (компјутерска и останата) која подолго време е вон употреба,неможе да се користи и нема сегашна вредност.
  Поради специфичноста на оваа опрема најдена е фирма која има лиценца за уништување на електронски отпад со сите еколошки цертификати.
  Од тие причини препорака е Одборот на Директори да донесе Одлука за отпис и расходување на истите, согласно изготвена спецификација од страна на комисијата.
- Препораките за останатите пописи во магацините на готови производи суровини,помошни материјали и резервни делови се реализирани од аспект на средувањето на самиот магацин и утврдувањето на точната состојба.

- Со оглед на новонастанатата состојба од намален број на извршители во фирмата и извршувањето на пописите беше во посебни услови со намален број членови во пописните комисии,меѓутоа трудејќи се и покрај се да се испочитуваат процедурите за извршување на пописот.

## 2. Ревизија на испратнините за технолошки вишок и отпремнините за пензионирање

Во текот на 2022г .престана работниот однос по основ на технолошки вишок на само еден вработен.
Работењето по оваа проблематика за 2022 како и 2021 е без забелешки,односно се применуваат во целост процедурите со упатствата ,како и препораките поврзани со ова работење.
Имено целосно се применети законските прописи кои ја регулираат оваа материја и исплатен им се испратнини на работниците согласно бројот на години во работен однос поминати во Тетекс АД.
Основицата за пресметка на испратнините за технолошки вишок беше утврдена како што е законската одредба,т.е.просечна нето плата на работникот во последните шест месеци пред одказот,а да не биде помала од 50% од просечната нето плата исплатена по работник во Републиката во последниот месец пред одказот.Зависно од годините на работен стаж поминати во Тетекс АД исплатено им е од една до седум нето плати.
Во конкретниот случај на работникот му се исплатени шест просечни нето плати согласно работниот стаж.

По основ на редовно пензионирање во 2022г се заминати 4 работника ,на кои исто така согласно законската регулатива им се исплатени отпремнини во износ од две просечни плати на ниво на Републиката.
Или вкупно трошоци по основ на технолошки вишок и пензионирање за 2022 изнесуваат Ден.381.773.

## 3. Ревизија на дадени простори под закуп

Оваа година, како главен приоритет во работењето на Тетекс АД,како и предходната година е издавање на деловни објекти под закуп,па од тие причини и потребата за следење и контрола на политиката и процедуирите при склучување на договорите за закуп.Кај сите договори што се направени се внимава на прецизно назначување за кој простор се работи,дефинирање на цена по м2,важност на договорот,начин на плаќање,евентуално гаранција 1-2 кирии доколку се процени дека е потребно и останати поединости поврзани со самиот договор.
Оваа година имаше закупци на кои им завршија договорите за закуп или истите спогодбено ги прекинаа (Блу Технолоџи-31.01.22 , Миашпед –Гостивар-30.06.22) Меѓутоа имаше и нови договори .
Склучен е нов договор со поврзаното друштво Петролгас од 29.08.2022 во износ од ЕУР 4.316 плус ДДВ,додека стариот договор беше раскинат на 31.08.2022г.
Со 29.12.2022г.склучен е нов договор за закуп со фирмата ЕКО РИЦИКЛИНГ ДОО Тетово во износ од ЕУР 4.000 плус ДДВ во денарска противредност,со важност од 6 месеци почнувајќи од 01.01.2023г.

Кај договорите што беа со рок до 31.12.2022г. се интервенираше истите навремено да се продолжат со нови Договори доколку двете страни се согласни .

Вкупните приходи од закупнини остварени за цела 2022г.изнесуваат Ден.18.122.700 или заедно со приходите од закупнини од царинскиот терминал –Ден 653.553 изнесуваа вкупно: Ден.18.776.253 .
(прилог: преглед)

**-резиме**: Закупнините се инсистира и интервенира да се плаќаат редовно-месечно,што воглавно и се постигнува.Онаму каде што има каснење до сега воглавно се интервенира со механизмите на присилна наплата преку извршител или активирање на гаранција.Меѓутоа во 2022г. немаше ситуации за присилна наплата.Сите закупци во рокот на доспевање или со мали закаснувања ги подмирувaa своите обврски.

Треба да се продолжи со активноста за нудење деловни простори под закуп со можност да во нареден период истите или други слободни простори ги купат.

**4. Ревизија за основни средства за продажба или расходување:**

а)

- Оваа година ,со оглед на затворените производните фабрики за Ткаенини , Конфекција ,трикотажа се продолжи со активностите за утврдување на основни средства (машини и инвентар) кои можат да се продадат или оние кои немаат никаква употребна вредност да се оттуѓат како старо железо и да се добијат нови парични средства.
- Комисијата за расходување и продажба на основни средства во координација со сметководството изготви спецификација на основни средства кои немаат употребна и сегашна вредност да можат да се продаваат како старо железо.
- Имено се работи за опрема која повеќе години не се употребува поради застареност или истите се оштетени и немаат сегашна вредност.

- Донесени се Одлуки од Одборот на директори со кои се одобрува продажба на истите како старо железо.Најдени се фирми и комерцијалниот неопасен железен отпад се продаваше по понудена највисока пазарна цена.

- Во текот на 2022г.вкупните приходи од продажба на железен отпад,алуминиум,росфајт изнесуваа Ден.7.123.720 (прилог информација по купувачи).

Поединечно по купувачи е како следи:

| | | |
|---|---|---|
| АИД АСКО КОМЕРЦ- | Ден. | 1.512.720 |
| ЛИКИ ТРАНС - | Ден. | 1.292.600 |
| ЕКОЦЕНТАР СКОПЈЕ- | Ден. | 1.356.000 |
| ТРИ МИЛ ЧЕДОМИР - | Ден. | 974.100 |
| ЕКО ЦИРКОН- | Ден. | 888.300 |
| РЕЦКОСС ТРАНС СК.- | Ден. | 1.100.000 |

Како прилог има поединечни прегледи по купувачи.

По донесување на Одлуките од Одборот на директори,отпочнува и самата реализација на продажба на железен отпад,росфајт отпад,алуминиум.
Продажбата се реализираше откако ќе се уплати авансот согласно договореното или на самиот ден на превземање на стоката.

б)

Во текот на 2022г. имаше и основни средства,за кои беа донесени одлуки за продажба ,меѓутоа се уште беа во функција и се продаваа како основни средства,како на пример:
-машини од трикотажа –на фирмата BRAVO MAKINA-TURCIJA –EUR 5.000
-машини од трикотажа- на фирмата ХЈЗ РОЈАЛ ТЕКС ДООЕЛ Ск.-1.019.003 ден.
-мерцедес бенз- 36.346 ден.

-електр.виљушкар-35.200 ден.
-трактор мал -43.190 ден.

**Резиме**:Продолжување на активностите за продажба на основни средсва (машини и инвентар),дефинирање на основни средства кои можат да се продадат,како и формирање на комисија која ќе утврди кои основни средства се веќе неупотребливи и ќе се продаваат како отпадни материјали или ако се во функција како основни средства.
За сите продажби има донесено Одлуки Одборот на директори на Тетекс АД.

## 5. Ревизија и дополнителна ревизија на работењето на царинскиот терминал

Од причина што работењето на Царинскиот терминал како економска единица на Тетекс АД е значаен сегмент во вкупните приходи што ги остварува фирмата,зборувајќи за тековната 2022, следењето и контролата на работењето на Царинскиот терминал продолжува да биде значајно и тоа со следниот опфат:

- Спроведување на поставените процедури и упатства за работа
- Евиденција на документацијата(правилност и законитост)
- Анализа на прометот за влез и излез на возилата
- Анализа на целосното функционирање на Царинскиот терминал врз основа на добиеното одобрение за правилно работење

Со оглед на фактот што најголем дел од приходите кои ги остварува терминалот(изземајќи ги фактурите за кирија) е со наплата на готовина (цца 84%) и тоа воглавно се однесува на работењето на рампа(паркинг) на возилата кои влегуваат Царинскиот терминал, помал дел од вага и од склад, контролата и ревизијата се вршеше на месечна основа врз база на финансиски документи и нивната усопгласеност со материјалните документи.
Вкупна вредност на наплатена готовина за цела 2022г е Ден. 7.220.942 и тоа:

-рампа готовина : Ден. 7.085.300
-вага готовина : Ден. 51.900
-склад готовина: Ден. 83.742

Прилог: посебни прегледи.

По налог на Генералниот директор или доколку се согледа потреба се прават и вонредни контроли на работењето на Царинскиот терминал а се со цел отклонување на некои неправилности и технички пропусти при работењето.

## 6. Ревизија на фиксните трошоци

- Во оваа година се продолжи со активностите во намалувањето на фиксните трошоци во тековното работење и тоа во потрошувачката на електрична енергија,преку реорганизирање на вработените во заеднички простории намалување на трошоците за комунални услуги,трошоците за испорака и прием на пратки,телефонските трошоци и останати трошоци во тековното работење.
- Комуналните услуги и останатите инфраструктурни услуги се префактурираат на закупците кои користат во кругот на Тетекс АД деловен простор под закуп,како и оние кои имаат купено деловни објекти во кругот на Тетекс АД. Истите ги прифатија и воглавно редовно ги плаќаат обврските,со мали задоцнувања.

- Електричната енергија се префактурира  на закупците и сопствениците на објектите согласно броилата за потрошена електрична енергија од нивна страна.
  Со оглед на новонастанатата состојба и зголемување на цената на електричната енергија се направија напори за намалување на трошоците, Односно преминување од слободниот пазар на регулиран пазар за дистрибуција на електрична енергија.

- **резиме**:Овие активности треба да продолжат и во наредниот период во сите сегменти од работењето Тетекс АД.

## 7. Ревизија на прометот во ЕЕ Трговска мрежа

- Беше направен максимален ангажман од страна на вработените во ЕЕ Трговска Мрежа за ефикасно работење со оглед на новонастанатата состојба и намален број на вработени.
- Тековно месечно следење на приходите од самата продажба по продавници.
- Реализација (продажба ) на залихата на готови производи од магацините на конфекција,трикотажа . Се одеше со нивелација на цените на старите залихи,како би можело да се оствари поголема реализација.

## 8. Ревизија на склучени преддоговори за купопродажба на недвижен имот сопственост на Тетекс АД

- Вотекот на 2022г.склучени се и делумно реализирани преддоговори за купопродажба на на недвижен имот сопственост на Тетекс АД и тоа со следните купувачи:

а) ГАЛЕ-ИВА ДООЕЛ-Тетово –преддоговор за купопродажба бр.0308-1202 од 19.09.2022г. во износ од ЕУР 53.170 со вклучен ДДВ,односно купување недвижен имот –објекти во кругот на Комбинатот цца 167 м2 по цена од 310 ЕУР/м2 со вклучен ДДВ,како и земјиште од 7м2 по 200ЕУР/м2 со вклучен ДДВ.

Согласно договорот на денот на потпишување на преддоговорот платено е ЕУР 10.000 во денарска противвредност,т.е 614.950 Ден.

Остатокот од договорената купопродажна  цена,купувачот ќе ја плати по добивањето на кредит од банка .

До крајот на 2022г не е реализиран преддоговорот. Се следат активностите.

Одкако ќе биде исплатен целиот износ од договорената купопродажна цена ќе се склучи конечен договор со купувачот  за недвижниот имот(објект,земјиште)и дури после тоа Тетекс АД ќе му го пренесе правото на сопственост и владение на купувачот.

-Контрола  на активностите околу реализација на преддоговорот , извршените уплати согласно условите од преддоговорот се во ред.

б) ЛИДЛ С.МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ-Скопје – преддоговор за купопродажба .0308-1366/21.10.2022г. за продажба на недвижен имот формиран од земјиште со вкупна површина од 10.000м2 и згради со вкупна површина од 1.672м2 од катастарска парцела на адреса Скопски Пат.

Вкупна вредност на преддоговорот изнесува 3.400.000ЕУР  без вклучено ДДВ. Бидејќи вредноста на овој преддоговор надминува 10% од капиталот на Друштвото ,согласно правилата за котација  на Македонската берза ,Тетекс АД достави објава за ценовно чувствителна информација до Берзата.

Начин на плаќање согласно
преддоговорот:

- Прво авансно плаќање 500.000 ЕУР плус 18% ДДВ,во противредност на денарот според индикативна курсна листа на НБРМ на денот на плаќањето,по доставување на банкарска гаранција од страна на продавачот а по склучување на нотарска заверка на овој преддоговор. Гаранцијата со бр. ГП2022/150 е издадена на 26.10.2022 во износ од Ден.36.365.594 во корист на ЛИДЛ-Скопје ,после што е извршена и авансната уплата од нивна страна во корист на Тетекс АД на 02.11.2022 по авансна фактура 600049/22-износ: 36.365.594 ден.

- Второ авансно плаќање 500.000 ЕУР плус 18% ДДВ,во противредност на денарот според индикативна курсна листа на НБРМ на денот на плаќањето,по доставување на втора банкарска гаранција од страна на продавачот а по поднесување на соодветно барање и документација до Општина Тетово за издвојување на недвижниот имот во посебна катастарска парцела.До овој момент тоа е спроведено од страна на Друштвото. Гаранцијата со бр. ГП2022/151 е издадена на 19.12.2022 во износ од Ден.36.377.394 во корист на ЛИДЛ-Скопје ,после што Тетекс очекува втора авансна уплата некаде до крајот на декември 2022г. по доставување на втора авансна фактура. Авансна фактура е доставена ,плаќањето до 31.12.2022г.не е извршено. Се очекува уплатата во текот на 01м.2023г.

- Остатокот од 2.400.000 ЕУР плус 18% ДДВ ќе биде платен согласно преддоговорот,односно купувачот ќе му го плати на продавачот на денот на солемизација на главниот договор за купопродажба ,откако кумулативно ќе бидат исполнети дадените услови во преддоговорот. Во процедура е дозавршување на активностите околу оваа зделка.

**Напомена:**
Што се однесува до купопродажните Договори кои целосно се финансиски реализирани во 2021г.а не беа катастарски средени имотно правните односи во 2022г,правната служба ги дозаврши активностите во 2022г.за изработка на конечните договори и пренос на сопственоста во 2022г.

## 9. Склучени договори за купување на недвижен имот и основни средства од страна на Тетекс АД како купувач

Вотекот 2022г.склучени се и реализирани следните Договори за купопродажба на недвижен имот каде Тетекс АД се јавува како купувач и тоа:

-Договор за купопродажба на недвижен имот бр.0308-1636 од 05.12.2022г со Б&А ГРОУП ИНТЕРНАТИОНАЛ ДООЕЛ ТЕТОВО-како продавач-земјоделско земјиште на КО Брвеница во површина од 17.031м2 во вкупен износ од 16.975.000 ден. плус ДДВ .
Износот е платен од Тетекс АД на 14.12.2022г. целосно т.е.20.030.500 ден.После солемизација на договорот целосно е пренесено правото на сопственост и владение на предметната недвижност на Тетекс АД, како купувач.

-Договор за купопродажба на недвижен имот бр.0308-1607 од 30.11.2022г со ТТК БАНКА АД -СКОПЈЕ-како продавач-недвижен имот во површина од 103м2 во вкупен износ од 92.700 ЕУР во денарска противредност на денот на фактурирањето.

Износот е платен од страна на Тетекс АД –Ден. 5.717.615 на 19.12.2022, после што се завршени и активностите за пренос на сопственоста на Тетекс АД кај Катастарот на недвижности.

-Договор за купопродажба на недвижен имот бр.0308-1600 од 30.11.2022г со ТТК БАНКА АД -СКОПЈЕ-како продавач-недвижен имот во во вкупен износ од 530.265 ЕУР плус ДДВ,или вкупно 625.713 ЕУР во денарска противредност на денот на фактурирањето.
Износот е платен од страна на Тетекс АД –Ден. 38.603.345 на 19.12.2022, после што се завршени и активностите за пренос на сопственоста на Тетекс АД кај Катастарот на недвижности.,

-Фактура со АУТО ЦЕМ на износ од Ден.1.603.710 ,која целосно е платена на 16.12.2022г.за набавка на службено возило Opel Astra за потребите на ТЕТЕКС АД.

**Резиме:** Во текот на 2023. да се продолжи активностите на продажба на старата залиха на суровини,резервни делови,основни средства,како и готови производи ,трговска роба преку трговската мрежа на Комбинатот.
Потребно е да се даде приоритет и на работењето на Царинскиот терминал, кој исто носи значајни приходи со дневни уплати на готовина за покирање на тековните плаќања и обврски што ги има Тетекс АД, како и закупнини за дадени простори под закуп на шпедитерски фирми.
Да се продолжат активностите на издавање на деловни простори под закуп, како и изнаоѓање на купувачи кои се заинтересирани за купување на деловни простори што ги нуди Тетекс АД за продажба.
Целосен ангажман на вработените во ЕЕ Трговска Мрежа за продажба на трговска стока преку нашите продавници заради зголемување на ефикасноста,што исто така на дневна основа носи приходи со кои ги покираме тековните обврски.

29.12.2022г.

Дир.за внатрешна ревизија
Споменка Митевска